Да се пребројиме! 2 / 2026

Од законска обврска до практична реалност:

Истражување за состојбата со младинските центри во Република Северна Македонија



Сојуз за младинска работа

2026 година

01 / ПРОФИЛ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

За СМР

Сојузот за младинска работа (СМР) претставува национална мрежа составена од 19 организации членки, кои заеднички делуваат во насока на развој и унапредување на младинската работа во Република Северна Македонија. Организацијата е фокусирана на процесот на препознавање и професионализација на младинската работа и младинските работници, како и на воспоставување и одржување стандарди за квалитет во оваа област.

Преку своето делување, СМР придонесува кон вмрежување на младински организации, размена на искуства и практики, како и јакнење на капацитетите за спроведување квалитетна младинска работа.

Сојуз за младинска работа



Мисија

Регулирање и стандардизација на младинската работа, поддршка на младински работници и подигнување на јавната свест за значењето на младинската работа.

Визија

Младинска работа признаена како професија и изграден систем за поддршка на млади и младински работници.

02 / МЕТОДОЛОГИЈА

За истражувањето

Ова истражување ја анализира состојбата со воспоставувањето и функционирањето на младинските центри како сервис за млади на локално ниво, во контекст на обврските утврдени со Законот за младинско учество и младински политики и Правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри.

Податоците се прибрани преку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер испратени до единиците на локалната самоуправа и Град Скопје, со обработка на состојбата заклучно со крајот на март 2026 година.

Автор и уредник

Ана Наумоска

Сојуз за младинска работа
Драгана Митровиќ, генерален секретар

Web: www.smr.org.mk
Email: smr.sojuz@gmail.com

Јуни 2026



Фокус

Не само дали општините тврдат дека имаат младински центар, туку дали доставените податоци укажуваат на реална усогласеност со ЗМУМП и Правилникот.

03 / НАВИГАЦИЈА

Содржина

01 За СМР 2

02 За истражувањето 3

03 Краток преглед на наодите 5

04 Законска рамка и значење 6

05 Сервиси за млади и младинска работа 7

06 Имплементација на законските обврски 8

07 Состојба во првата половина на 2026 година 9

08 Заклучок и препораки 13

09 Извори и хиперлинкови 15

10 Прилог 1: табела со податоци од општините 16

11 Прилог 2: прашања од барањето 19

Листа на кратенки

СМР - Сојуз за младинска работа

ЗМУМП - Закон за младинско учество и младински политики

МЦ - Младински центар

ЛМЦ - Локален младински центар

АМС - Агенција за млади и спорт

НМСМ - Национален младински совет

ЕЛС - Единица на локална самоуправа

МКЦ - Младински културен центар

04 / КЛУЧНИ БРОЈКИ

Краток преглед на наодите

Истражувањето покажува дека законската обврска за воспоставување младински центри сè уште не е суштински исполнета во најголем дел од единиците на локалната самоуправа. Иако дел од општините пријавуваат постоење на младински центар, доставената документација и начинот на функционирање укажуваат на значајни разлики во усогласеноста со ЗМУМП и Правилникот.

81	72	10	9
единица на локална самоуправа	доставени одговори	младински центри според ЗМУМП	без доставен одговор

Главна порака

Постојат позитивни примери, но тие се исклучок, а не правило. Клучниот предизвик останува преминот од формално пријавување кон реално, програмско и финансиски одржливо функционирање на младинските центри.

Процент на општини кои одговориле на барањето



Забелешка: процентите во документот се заокружени на цел број.

01 Законска рамка и значење на младинските центри

Законот за младинско учество и младински политики (ЗМУМП)[1] претставува клучен системски документ во областа на младинските политики во Република Северна Македонија. Законот беше усвоен од Собранието на 14 јануари 2020 година и воспоставува правна рамка која ги дефинира формите на младинско организирање, учеството на младите во процесите на креирање политики и донесување одлуки, како и обврските на институциите на национално и локално ниво.

Неговото донесување означи важен чекор кон институционализација на младинското учество, сервисите за млади и уредување на односот меѓу младите и јавните институции.

Важноста на овој закон произлегува од неговата улога во создавање механизми за активно вклучување на младите во општествените процеси, но и од неговата улога во воспоставување сервиси за млади. Иако самиот назив на Законот го нагласува учеството и младинските политики, неговата практична вредност е особено видлива преку сервисите за млади: канцеларии за млади, младински центри и службеници за млади.

Токму преку овие сервиси институциите треба да обезбедат постојана, достапна и квалитетна поддршка за младите, насочена кон нивен личен, социјален и професионален развој.

Клучна законска обврска

Во рок од пет години од влегувањето во сила на Законот, секоја општина требаше да овозможи функционирање на најмалку еден младински центар. Овој рок истече во јануари 2025 година.

02 Сервиси за млади и младинска работа

Сервисите за млади се уредени во Глава VII од ЗМУМП и претставуваат централна институционална рамка за практично спроведување на младинските политики на локално ниво. Законот предвидува воспоставување канцеларии за млади, младински центри и службеници за млади, преку кои општините треба да обезбедат системски пристап кон младите и нивните потреби.

Канцеларијата за млади е примарна точка за пристап на младите на локално ниво и место од каде се координираат активностите поврзани со младинските прашања. Службеникот за млади е лице одговорно за координирање, спроведување и следење на прашањата од интерес на младите во рамки на надлежностите на институцијата.

Младинските центри се предвидени како места каде се подготвуваат и спроведуваат програми за подобрување на благосостојбата на младите, развојот на нивниот личен, социјален и професионален живот, младинското информирање и други аспекти од животот на младите.

Сервисите за млади и младинската работа

Сервисите за млади не треба да се разбираат само како административни или инфраструктурни механизми. Тие се директно поврзани со условите за спроведување квалитетна младинска работа на локално ниво.

Согласно ЗМУМП, младинската работа претставува организиран и систематски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите, со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал и нивно активно вклучување во животот на заедницата.

ЗМУМП за првпат ја институционализира младинската работа како специфична практика и ја поврзува со сервисите за млади. Врската е особено видлива кај младинските центри, кои претставуваат една од најважните институционални точки каде младинската работа може да се планира и спроведува преку структурирани програми.

Функцијата, начинот на основање и функционирањето на младинските центри дополнително се конкретизираат преку Правилникот за стандарди за квалитет[2] на младинските центри. Правилникот ја операционализира оваа рамка преку стандарди за простор, програми, управување, кадар, финансирање и известување.

Оттука, младинската работа и младинските работници се суштински елемент за квалитетно функционирање на сервисите за млади. Самото постоење на простор или одлука за формирање на центар не е доволно доколку центарот не е управуван, кадровски екипиран, програмски развиен и финансиски поддржан во согласност со Законот и Правилникот.

03 Имплементација на законските обврски

Од моментот на донесување на ЗМУМП, Националниот младински совет на Македонија (НМСМ), Сојузот за младинска работа (СМР) и Коалиција СЕГА континуирано го следат начинот и степенот на неговата имплементација на национално и локално ниво. Преку мониторинг извештаи, анализи и истражувања, овие организации обезбедуваат увид во реалната состојба на терен, особено во делот на воспоставувањето и функционирањето на сервисите за млади.

Мониторинг извештаите на НМСМ за 2021, 2022, 2023 и 2024 година покажуваат дека бројот на општини кои пријавуваат младински центри постепено се менува, но дека овие податоци мора да се читаат внимателно. Формалното пријавување на центар не значи нужно дека центарот е формиран и функционира во целосна согласност со ЗМУМП и Правилникот.

Во првиот мониторинг извештај (2021)[3], НМСМ утврди ниско ниво на имплементација на сервисите за млади: само мал дел од општините имале канцеларија за млади, мнозинството немало младински центар, а кај центрите што биле пријавени постоела разлика меѓу формално пријавување и реално функционирање.

Во 2022 година[4] бројот на пријавени младински центри останал низок, а дел од центрите продолжиле да зависат од донаторска поддршка, без стабилна финансиска интеграција во општинските буџети. Во 2023[5] и 2024[6] година се забележува зголемена свесност кај општините за законската обврска, но и натаму останува разликата меѓу она што општините го пријавуваат и она што може да се потврди преку документација и функционалност.

Истражувањето „Да се пребројме!“[7] на Сојузот за младинска работа, спроведено во 2025 година, дополнително ја потврди оваа разлика. Согласно доставените документи од 65 општини кои одговорија, беше утврдено дека бројот на формално формирани младински центри е значително понизок од бројот што општините го пријавуваат, односно финалниот наод на ова истражување опфаќа вкупно 9 центри.

Овие претходни наоди ја поставуваат основата за анализата на состојбата во 2026 година, во која фокусот не е само на прашањето дали општината тврди дека има младински центар, туку и на тоа дали доставените податоци укажуваат на усогласеност со ЗМУМП и Правилникот.

04 Состојбата во првата половина на 2026 година

На 22.01.2026 година, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, беше испратено барање за пристап до информации од јавен карактер до општините во Република Северна Македонија и до Град Скопје. Целта беше да се приберат податоци за состојбата со воспоставувањето на младинските центри како сервис за млади на локално ниво.

Со барањето не беше побарана само информација дали општината има или нема младински центар. Доколку центарот е формиран, беа побарани и: одлуката за негово формирање, одлуката за избор на организација која раководи со центарот, извештаи за работата за претходните години, програма за работа за 2026 година и податоци за издвоени средства од буџетот за 2024, 2025 и 2026 година.

1

Дали е формиран младински центар?

2

Доколку е формиран, да се достават актите, организацијата што раководи, извештаи, програма и буџетски средства.

3

Доколку не е формиран, кои се причините и во која фаза е постапката?

Доколку центарот не е формиран, општините беа прашани кои се причините и дали е започната постапка. Овој пристап беше избран за да се добие увид во предизвиците за реалната функционалност на центрите, а не само во нивното формално постоење. Собирањето и обработката на податоците се однесува на периодот заклучно со крајот на март 2026 година.


Од вкупно 81 единица на локална самоуправа, вклучително и Град Скопје, одговор доставија 72, додека 9 не доставија одговор на барањето: Вевчани, Јегуновце, Липково, Неготино, Сопиште, Студеничани, Ѓорче Петров, Сарај и Чаир.

Врз основа на добиените податоци, општините може да се групираат во три основни категории: (1) општини без младински центар и без суштинско образложение; (2) општини без младински центар, но со наведени причини или опис на фазата на постапката; и (3) општини кои навеле дека имаат младински центар, односно дека истиот е воспоставен, формално воспоставен или во фаза на операционализација.

81 единица на локална самоуправа	**72** доставени одговори	**10** младински центри според ЗМУМП	**9** без доставен одговор

Состојба со младинските центри во 2026 година

Број на единици на локална самоуправа по категорија (вкупно 81)



I. Општини без младински центар и без суштинско образложение

Во првата група спаѓаат 20 општини кои доставиле одговор, но истиот не содржи јасно образложение зошто младинскиот центар не е формиран, ниту информации за конкретни чекори во таа насока. Во оваа група влегуваат: Богданци, Босилово, Брвеница, Градско, Дебарца, Демир Капија, Долнени, Илинден, Кочани, Кратово, Могила, Петровец, Росоман, Теарце, Центар Жупа, Чешиново и Облешево, Чучер Сандево, Аеродром, Кисела Вода и Пласница.

Во оваа група се издвојуваат и неколку специфични случаи. Кај Арачиново одговорот не содржи јасен податок дали постои младински центар. Кај Старо Нагоричане е доставен делумен одговор без содржински податоци за младинскиот центар. Кај Гази Баба не е обезбеден сигурен податок за состојбата со центарот, додека кај Македонска Каменица формулацијата во одговорот не дозволува прецизен заклучок. Посебен случај е Бутел, каде што е наведено дека младински центар не постои, но истовремено општината наведува дека нема информации за причините поради кои не е формиран.

Овие одговори упатуваат на ниско ниво на институционална подготвеност и недоволно систематско следење на обврските што произлегуваат од ЗМУМП. Во вакви случаи, проблемот не е само непостоењето на сервисот, туку и отсуството на јасна административна евиденција, планирање и институционална меморија во однос на младинските политики.

II. Општини без младински центар, но со наведени причини или фаза на постапката

Втората група ја сочинуваат општините кои немаат воспоставен младински центар, но во одговорите навеле причини за тоа или појасниле во која фаза се наоѓа постапката. Дел од општините наведуваат недоволен интерес и вклученост на младите како пречка. Таков одговор даваат Берово и Василево, а слична логика се јавува и во Ново Село.

Друг чест образец е повикувањето на непостоење на Локален младински совет како аргумент за непостоење на младински центар. Ова е наведено кај Дебар и Демир Хисар, а слична логика се јавува и кај Ранковце. Меѓутоа, ваквото образложение е проблематично, бидејќи ЗМУМП не предвидува формална или правна условеност меѓу формите на младинско учество и сервисите за млади.

Значајна група образложенија се однесува на финансиски, кадровски и институционални ограничувања. Во одговорите на Зрновци и Шуто Оризари се наведуваат финансиски и организациски ограничувања, додека Пехчево наведува дека постапката се планира да започне во најскоро време. Просторните и инфраструктурните услови се посочуваат како пречка кај Крива Паланка, Струга, Карпош и Валандово. Кај Прилеп се наведуваат имотно-правни пречки.

Посебна подгрупа се општините кај кои постапката е во тек, планирана или во иницијална фаза: Зелениково, Карбинци, Конче, Маврово и Ростуше, Кривогаштани, Крушево, Лозово, Ресен, Радовиш и Врапчиште. Кај Кичево е наведено дека центарот е планиран, но не е воспоставен поради просторни и финансиски ограничувања. Кај Новаци, според најново доставените податоци, состојбата е променета и општината веќе има воспоставен младински центар.

III. Општини кои навеле дека имаат младински центар

Третата група ги опфаќа општините кои навеле дека имаат воспоставен младински центар. И во оваа група постојат значајни разлики во степенот на усогласеност со ЗМУМП и Правилникот. Во моментот на обработка на податоците, 10 општини имаат младински центар кој може да се смета за воспоставен според законската рамка: Велес, Гостивар, Куманово, Кавадарци, Битола, Охрид, Пробиштип, Македонски Брод, Делчево и Новаци.

Во Велес, со центарот раководи Фондацијата за локален развој и демократија „Фокус“, во партнерство со Извидnички одред „Димитар Влахов“, со донесени акти за избор, годишни програми, извештаи и буџетска поддршка. Во Куманово, младинскиот центар е формиран во 2021 година и со него управува Центарот за интеркултурен дијалог. Во Кавадарци, првично со центарот управувал „Креактив“, а подоцна е воспоставено управување од група организации предводени од „Креактив“ и СППМД.

Во Охрид, центарот е воспоставен со одлука на Советот и со него управува Коалицијата СЕГА. Во Пробиштип, центарот функционира врз основа на јавен повик, решение и усвоена програма за работа, а со него управува ГРИТ. Во Делчево, центарот е новоформиран и со него управува „Жена Делчево“. Во Македонски Брод, со центарот раководи Сојузот за младинска работа, а програмата ја координира сертифициран младински работник. Во Битола, центарот функционира преку соработка на „Сфера Интернационал“, ИМКА и Младински културен центар. Во Гостивар, според доставените податоци, функционира младински центар „I CAN“. Во Новаци, со центарот раководи Младинска граѓанска акција, со обезбеден простор, програма и буџетска поддршка.

Од друга страна, постојат случаи на формално воспоставен, но нецелосно операционализиран младински центар. Таков е случајот со Струмица, каде е наведено дека центарот е формиран, но сè уште нема избрана организација која ќе раководи со него. Сличен е случајот со Боговиње, каде постои одлука за формирање и предвидена постапка за избор на организација, но од доставените податоци не може да се утврди дека центарот е целосно операционализиран.

Во оваа категорија спаѓа и општина Тетово, каде Јавната општинска установа „Културен центар за млади“ се смета за младински центар. Сепак, доставената одлука се темели на Законот за култура, а не на ЗМУМП. Посебен пример е Град Скопје, кој во добиениот одговор ја третира Јавната установа Младински културен центар (МКЦ) како младински центар. Таквото толкување не е во согласност со ЗМУМП, бидејќи МКЦ не е воспоставен како младински центар во смисла на Законот и не произлегува од постапката предвидена за сервис за млади. Во општина

Центар, младинскиот центар „Матично“ е формиран уште во 2021 година и со него раководи Сојузот на извидници, меѓутоа, не е спроведена постапката предвидена со ЗМУМП, туку во склоп со проектна активност со УНДП и Швајцарската амбасада.

Сумирана состојба

Сумирано, од вкупно 81 единица на локална самоуправа, состојбата со младинските центри е следна:

Категорија	Број	Процент
Општини со МЦ според ЗМУМП	10	12%
Општини со МЦ кој не е според ЗМУМП	3	4%
Општини со одлука за формирање, без избрана организација	3	4%
Општини без МЦ	56	69%
Општини кои не одговориле	9	11%

Општини со младински центар според ЗМУМП

Бр.	Општина	Организација која раководи	Од кога / период
1	Битола	„Сфера Интернационал“, ИМКА и Младински културен центар	од 2023 година
2	Велес	Фондација за локален развој и демократија „Фокус“	2022–2025 и 2025–тековно
3	Гостивар	I-Can	од 2022 година
4	Делчево	„Жена Делчево“	од 2026 година
5	Кавадарци	„Креактив“ – Скопје; потоа „Креактив“ и СППМД	од 2019; од 2025 година
6	Куманово	Центар за интеркултурен дијалог	од 2021 година
7	Македонски Брод	Сојуз за младинска работа	од 2024 година
8	Новаци	Младинска граѓанска акција	од 2025 година
9	Охрид	Коалиција СЕГА	од 2021 година
10	Пробиштип	Здружение на граѓани ГРИТ	од 2023 до 01.01.2026 година

Ваквата состојба покажува дека формалното исполнување на обврската не секогаш значи и суштинска имплементација на концептот на младински центар како сервис за млади.

05 Заклучок и препораки

Анализата на состојбата покажува дека најголем дел од општините доставиле одговор на барањето за пристап до информации од јавен карактер, што укажува на релативно високо ниво на формална транспарентност. Сепак, квалитетот на доставените одговори значително варира: од детални и документирани информации, до ограничени или нецелосни одговори кои не овозможуваат суштински увид во состојбата со младинските политики на локално ниво.

Податоците покажуваат дека многу мал процент од општините имаат воспоставен младински центар во согласност со ЗМУМП и Правилникот. Дополнително, дури и кај дел од општините кои формално наведуваат дека имаат младински центар, не се почитуваат во целост законските одредби и стандардите за квалитет, особено во делот на управување преку младински организации или организации за млади, програмско функционирање, кадровска поставеност и отчетност.

Состојбата со младинските центри на локално ниво останува нерамномерна и недоволно усогласена со законската рамка. Иако најголем дел од општините одговориле на барањето, одговорите покажуваат различно ниво на знаење, подготвеност и административна точност. Најголем дел од општините сè уште немаат младински центар, а кај дел од оние што пријавуваат постоење на центар, не може да се утврди целосна усогласеност со ЗМУМП и Правилникот.

Позитивните примери покажуваат дека воспоставувањето на младински центар е можно кога постои соработка помеѓу општината и младинските организации, обезбеден простор, програма, кадар и буџетска поддршка. Сепак, овие примери се исклучок, а не правило. Во најголем број случаи, локалните самоуправи сè уште немаат развиено јасен и одржлив модел за воспоставување и функционирање на младинските центри.

Дополнително, истражувањето покажува дека постои потреба од појаснување на разликата меѓу формите на младинско учество и сервисите за млади. Ова е особено важно бидејќи во дел од одговорите се забележува тенденција локалниот младински совет да се третира како предуслов за младински центар, иако таква условеност не постои во Законот.

Препораки

- Да се обезбеди дополнителна едукација на единиците на локална самоуправа, особено на службениците за млади, за ЗМУМП и Правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри, со фокус на разграничување меѓу формите на младинско учество и сервисите за млади.
- Да се обезбеди менторска и техничка поддршка за општините во процесот на воспоставување, избор на организација, програмско планирање, буџетирање и известување за младинските центри.
- Да се воспостави редовен механизам за следење на имплементацијата на Законот на локално ниво, со цел да се идентификуваат обрасците на постапување на општините, нивото на усогласеност и најчестите пречки во примената на законските одредби.

- Да се поттикне поактивна улога на надлежните институции и граѓанскиот сектор во мониторинг, застапување и притисок за исполнување на законските обврски, имајќи предвид дека сите преодни рокови предвидени со Законот се истечени уште во 2025 година.

- Да се развијат стандардизирани обрасци за известување од страна на општините, за да се намали можноста за нецелосни или неупотребливи одговори и да се овозможи споредливост на податоците.

Извори и хиперлинкови

1. Закон за младинско учество и младински политики
   https://smr.org.mk/wp-content/uploads/2026/04/Закон-за-младинско-учество-и-младински-политики.pdf
2. Правилник за стандарди за квалитет на младинските центри
   https://smr.org.mk/wp-content/uploads/2026/04/Правилник-за-стандарди-на-младински-центри.pdf
3. НМСМ, Мониторинг извештај ЗМУМП за 2021 г., 2022 година
   https://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2022/04/Monitoring-izvestaj_MKD-2.pdf
4. НМСМ, Мониторинг извештај ЗМУМП за 2022 г., 2023 година
   https://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2023/07/Monitoring_Izvestaj_Broshura_2023_MKD.pdf
5. НМСМ, Мониторинг извештај ЗМУМП за 2023 г., 2024 година
   https://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2024/08/Monitoring-izvestaj_MKD_Final.pdf
6. НМСМ, Мониторинг извештај ЗМУМП за 2024 г., 2025 година
   https://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2025/08/NMSM-Monitoring-Izvestaj_MK_02_kor.pdf
7. Сојуз за младинска работа, „Да се пребројме!“ - прво издание, 2025 година
   https://smr.org.mk/wp-content/uploads/2026/04/Резултати-од-истражување-за-број-на-младински-центри.pdf

Прилог 1. Табела со податоци добиени преку барање за пристап до информации од јавен карактер

Табелата ги прикажува одговорите на единиците на локалната самоуправа во однос на постоење на младински центар, управувачка организација и наведени причини за непостоење на центар.

Бр.	Општина	Реф. бр.	Одговор	Статус на МЦ	Кој раководи / од кога	Ако нема центар – наведена причина
1	Арачиново	03-76/1	Да	Нема податок	Нема податок	Одговорот не содржи податок за МЦ
2	Берово	18-267/3	Да	Не	—	Недоволна заинтересираност на младите
3	Битола	11-7/2	Да	Да	„Сфера Интернационал“, ИМКА и Младински културен центар, од 2023 година	—
4	Богданци	13-148/2	Да	Не	—	Не е наведена причина
5	Боговиње	03-228/2	Да	Формално да	Локален младински совет / договор од 20.10.2023 (функционалност нејасна)	—
6	Босилово	14-161/3	Да	Не	—	Не е наведена причина
7	Брвеница	18-82/2	Да	Не	—	Не е наведена причина
8	Валандово	10-85/3	Да	Не	—	Не е започнат процес; просторот предвиден за МЦ бил во реновирање
9	Василево	15-181/2	Да	Не	—	Недоволна заинтересираност на младите
10	Вевчани		Не	Нема податок	—	—
11	Велес	31-385/2	Да	Да	Фондација за локален развој и демократија „Фокус“, 2022-2025 и 2025-тековно	—
12	Виница	10-62/2	Да	Не	—	Нема активности околу процесот
13	Врапчиште		Да	Не	—	Не е отворен МЦ, но се разгледува можноста за отворање во иднина
14	Гевгелија	18-145/2	Да	Не	—	Нема отворен МЦ; не е доставена документација за функционирање
15	Гостивар	11-133/1	Да	Да	I-Can, од 2022 година	—
16	Градско	16-61/2	Да	Не	—	Не е наведена причина
17	Дебар	—	Да	Не	—	Општината навела дека треба прво да се формира ЛМС, иако е донесена одлука за формирање на ЛМЦ
18	Дебарца		Да	Не	—	Не е наведена причина
19	Делчево	20-199/2	Да	Да	„Жена Делчево“, од 2026 година	—
20	Демир Капија		Да	Не	—	Не е наведена причина
21	Демир Хисар	18-86/1	Да	Не	—	Општината навела дека треба прво да се формира ЛМС
22	Дојран	16-135	Да	Не	—	Нема успешен одзив / нема воспоставени механизми
23	Долнени	03-136/2	Да	Не	—	Не е наведена причина
24	Желино	09-160/2	Да	Не	—	Не се исполнети предусловите; постапката не е започната
25	Зелениково	03-21/1	Да	Не	—	Постапката е во фаза на иницијатива
26	Зрновци	09-70/2	Да	Не	—	Финансиски причини и мал капацитет за организирање и функционирање
27	Илинден	10-268/2	Да	Не	—	Не е наведена причина
28	Јегуновце		Не	Нема податок	—	—

Бр.	Општина	Реф. бр.	Одговор	Статус на МЦ	Кој раководи / од кога	Ако нема центар – наведена причина
29	Кавадарци	23-432/2	Да	Да	„Креактив“ – Скопје од 2019; „Креактив“ и СППМД од 2025 година	—
30	Карбинци	10-84/2	Да	Не	—	Постапката е планирано да започне во 2026 година
31	Кичево	03-643/2	Да	Не	—	МЦ е планиран, но не е воспоставен поради просторни и финансиски капацитети
32	Конче	24-183/2	Да	Не	—	Процесот треба да започне во тековната 2026 година
33	Кочани	32-25/56	Да	Не	—	Процесот не е отпочнат; не е наведена причина
34	Кратово	15-130/2	Да	Не	—	Не е наведена причина
35	Крива Паланка	18-386/2	Да	Не	—	Нема соодветен простор
36	Кривогаштани	32-88/2	Да	Не	—	Постапката е во последна фаза на прибирање финална документација
37	Крушево	32-201/2	Да	Донесена одлука	—	Донесена е одлука, но јавен повик за организација што ќе управува уште не е објавен
38	Куманово	30-1410/1	Да	Да	Центар за интеркултурен дијалог, од 2021 година	—
39	Липково		Не	Нема податок	—	—
40	Лозово	1403-113/2	Да	Не	—	Планирано е во иднина
41	Маврово и Ростуше	09-58/1	Да	Не	—	Треба да започне процедура; уште не е формиран
42	Македонски Брод	15-181/2	Да	Да	Сојуз за младинска работа, од 2024	—
43	Македонска Каменица	18-261/2	Да	Не	—	Не е јасно наведено
44	Могила	23-24/7	Да	Не	—	Не е наведена причина
45	Неготино		Не	Нема податок	—	—
46	Новаци	19-70/15	Да	Да	Младинска граѓанска акција, од 2025	—
47	Ново Село	13-873/2	Да	Не	—	Истата причина како за ЛМС – незаинтересираност кај младите
48	Охрид	03-574/2	Да	Да	Коалиција СЕГА, од 2021 година	—
49	Петровец	12-228/2	Да	Не	—	Нема податок
50	Пехчево	14-60/3	Да	Не	—	Се планира постапката да се отпочне во најскор можен рок
51	Пласница	30-175/2	Да	Не	—	Нема образложение
52	Прилеп	34-7/4	Да	Не	—	Имотно-правни пречки
53	Пробиштип	24-142/2	Да	Да	Здружение на граѓани ГРИТ, од 2023 до 01.01.2026 година	На 22.12.2025 е распишан нов повик, но немало пријавени; се разгледува повторно распишување
54	Радовиш	35-512/1	Да	Не	—	Постапката е во тек
55	Ранковце	25-142/4	Да	Не	—	Поради тоа што нема формиран ЛМС / нема кандидати
56	Ресен	10-292/2	Да	Не / планиран	—	Во фаза на планирање
57	Росоман	16-100/2	Да	Не	—	Нема информација за причините
58	Старо Нагоричане	УП1-03-16	Да (делумно)	Нема податок	—	Нема содржински одговор за МЦ
59	Свети Николе		Да	Не	—	Недостаток на младински работници, незаинтересираност на младите и немање локални младински организации
60	Сопиште		Не	Нема податок	—	—

Бр.	Општина	Реф. бр.	Одговор	Статус на МЦ	Кој раководи / од кога	Ако нема центар – наведена причина
61	Струга	03-02-445/2	Да	Не	—	Нема соодветни просторни услови
62	Струмица	32-374/2	Да	Донесена одлука	—	Сè уште не е избрана организација која ќе раководи со него
63	Студеничани		Не	Нема податок	—	—
64	Теарце	08-126/2	Да	Не	—	Не е наведена причина
65	Тетово	19-855/1	Да	Да, но не во согласност со ЗМУМП	Јавна установа „Културен центар за млади“, од 2025	—
66	Центар Жупа	03-109/2	Да	Не	—	Не е наведена причина
67	Чашка	17-137/1	Да	Не	—	Не е наведена причина; наведено е дека постои клуб на млади во с. Извор
68	Чешиново и Облешево	32-112/3	Да	Не	—	Не е наведена причина
69	Чучер Сандево	03-151/2	Да	Не	—	Не е јасно наведено
70	Штип	12-227/2	Да	Донесена одлука	—	Одлуката е донесена на 12.03.2026, но јавен повик за избор на организација не е распишан
71	Аеродром	32-379/4	Да	Не	—	Не е наведено
72	Бутел	10-170	Да	Не	—	Општината навела дека нема информации за причините
73	Гази Баба	12-229/1	Да	Не	—	Нема сигурен податок
74	Ѓорче Петров		Не	Нема податок	—	—
75	Карпош		Да	Не	—	МЦ е предвиден во Програмата за 2026; процесот е до фаза на отстапување простор, потоа јавен повик
76	Кисела Вода	08-629/3	Да	Не	—	Нема податоци за причините
77	Сарај		Не	Нема податок	—	—
78	Центар	11-512/2	Да	Да, но не во согласност со ЗМУМП	Сојуз на извидници на Македонија – „Матично“, од 2021 година	—
79	Чаир		Не	Нема податок	—	—
80	Шуто Оризари	22-25/12	Да	Не	—	Финансиски причини
81	Град Скопје	08-1294/2	Да	Да, но не во согласност со ЗМУМП	Младински културен центар, од 2004 година	—

Прилог 2. Прашања од барањето за пристап до информации од јавен карактер

Во барањето до единиците на локалната самоуправа беа поставени прашања насочени кон утврдување на формалната и суштинската состојба со младинските центри.

1

Дали е формиран младински центар?

2

Доколку е формиран младински центар, да се достави: одлуката за негово формирање, одлуката за избор на организација која ќе раководи со МЦ, контакт податоци за организацијата која управува со него, извештај за работа за сите претходни години во кои работел центарот, програма за работа за 2026 година и податоци за издвоени средства од буџетот за 2024, 2025 и 2026 година.

3

Доколку не е формиран МЦ: кои се причините што до овој момент не е формиран ЛМЦ; и доколку не е отпочнат процесот, во која фаза е во овој момент?



Сојуз за младинска работа

Да се преброиме! 2 / 2026

Сојуз за младинска работа

www.smr.org.mk
smr.sojuz@gmail.com